Друштво за маркетиншко истражување
ИПСОС ДООЕЛ
Бр 02-202-10/15
штембил
24.08 2018 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
-Генерален секретаријат-
бр.4606-7478/13 од 24 08.2018 година
Скопје

**„ИПСОС“ ДООЕЛ - Скопје**

# Д О Г О В О Р
## за набавка на услуги

**Скопје, Август 2018 година**

# Д О Г О В О Р
## за набавка на услуги

Склучен на 24 08.2018година, меѓу:

1. **Влада на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр.2. Скопје, застапувана и претставувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

2. **„ИПСОС“ ДООЕЛ - Скопје,** со седиште на ул. „Каирска“ бр.31, 1000 Скопје, со ЕМБС 5385458 и даночен број 4030997339003 претставувано и застапувано од **Милена Стеријовска Стојановска**, Управител, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на услуги **за истражување со цел утврдување на актуелната состојба за учество на младите Роми во младинските политики и спортот.**

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката за извршување на услугите предмет на Договорот, **изнесува 217.120** (со зборови: двеста и седумнаесет илјади сто и дваесет) **денари** со 18% ДДВ.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Договорните страни се согласни плаќањето да се изврши по извршување на услугата, врз основа на доставена фактура во рок од 60 дена сметано од првиот нареден ден од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува да ги изврши услугите од член 1 на Договорот, согласно потребите и барањата на Договорниот орган, условите утврдени во тендерската документација број 4606-7478/2 од 31.07.2017 година и Понудата доставена преку ЕСЈН, односно да изврши истражување со цел утврдување на актуелната состојба за учество на младите Роми во младинските политики и спортот и тоа:

-Истражувањето да се направи во 15 општини;

-Истото да се одвива по однапред осмислена методологија и соработка со локални соработници што ќе овозможи пристап до семејствата од ромската заедница и

-По завршување на истражувањето да достави извештај кој ќе ја отсликува реалната состојба – предмет на анализата и да предложи мерки за подобрување на состојбата.

## V. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Договорниот орган се обврзува да изврши исплата за извршената услуга на начин и рок определен во член 3 од Договорот.

## VI. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот е со важност до извршување на услугите, односно 2 (два) месеци сметано од денот на потпишување на Договорот.

## VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс – Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

**Член 8**

Во случај на спор договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно истиот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 9**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

**„ИПСОС“ ДООЕЛ - Скопје**

**Милена Стеријовска Стојановска**,
Управител

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

**Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар

*Подготвил: Даринка Јовановска*
*Контролирал: Анета Стевковска*